Д-р Глигор ТОДОРОВСКИ, **Реформите на големите европски сили во Македонија (1829—1909)**, кн. I, II и III, НИО „Студентски збор", Скопје, 1984, 323, 303, 384

Најновиот труд на д-р Глигор Тодоровски „Реформите на големите европски сили во Македонија (1829—1909)", во издание на НИО „Студентски збор" од Скопје, претставува дело кое во својата содржина пополнува една доста голема и осетна празнина во македонската историографија. Политиката на европските сили кон Отоманската империја, а во тие рамки и Македонија, претставува област која се уште целосно не е разработена и осветлена за пошироката јавност. Токму од овие причини трудот е посебно интересен, бидејќи авторот, разгледувајќи ја политиката на големите сили кон Македонија, се задржува на еден нејзин сегмент — политиката на статус кво, што на европската политичка сцена резултира како политика на спроведување на реформи во внатрешниот живот на Турција, со основна цел нејзиното распаѓање да се одолговлечува колку што е можно повеќе.

Осврнувајќи се на прашањето на реформите во Македонија, авторот, најголем дел од овој обемен труд ѝ посветува на Мирцштегската реформна програма што се спроведува во Македонија од 1903 година па се до Младотурската револуција. Меѓутоа, за да може полесно да се разбере процесот на спроведувањето на реформите во Империјата, во првиот дел се дава еден сеопфатен преглед на историскиот о̂д на реформите во минатото. Ова е посебно важно, бидејќи реформите во Отоманската империја биле постојан внатрешно-политички проблем. Целиот XIX и двете децении на XX век се карактеризираат со постојани реформи. На тој начин Турција го следи патот на реформите, што се изразувал во настојувањето на османлиските државници да ги усогласат разликите меѓу Шериетот и Западното законодавство, потоа да го прилагодат сопствениот државно-правен систем со потребите на времето и истовремено да ги усогласат двете спротивставени концепции: странската интервенција во Отоманската империја и запазувањето на нејзиниот интегритет.

Всушност спроведувањето на реформите под „совет" на големите сили значеше и соодветен притисок врз владеачките кругови со цел тие да прават отстапки во корист на странските државјани—христијани кои се населувале и живееле на територијата на Империјата како и на поданиците од немухамеданско потекло.

Како што истакнавме претходно, воведувањето на реформи во Турција бил постојан процес што не треба да се разбере како доказ дека нивното спроведување било прифатено од сите структури подеднакво. Еден добар дел од владеачките кругови постојано давал отпор и се трудел да ги конзервира постојните општествено-политички односи. На тој начин, секоја акција што била преземана со цел да се извршат реформите била истовремено и борба помеѓу двете условно земени „напредни" и „конзервативни" кругови.

Токму поради овие причини, нормално, водејќи сметка за сопствените државни интереси, секоја иницијатива за спроведување на реформи не била прифаќана без резерви. Во одредени моменти поради внатрешните несогласувања или желба да го сочува своето достоинство Портата не ги прифаќала реформите поради што големите сили биле принудени да вршат притисок или пак да демонстрираат сила.

Осврнувајќи се на реформите што биле изведувани во Империјата на иницијатива или под притисок на силите, авторот со право укажува на процесот на нивното еволуирање. Настојувањата за заштита на христијаните во Турција постепено еволуирале во барање заштита во сите румелиски вилаети, односно во европскиот дел на Турција па до заштита на христијаните во рамките на етничките и географските граници на Македонија. Токму во ова се состои и посебноста на Мирцштегската реформна програма.

Илинденското востание во 1903 година претставува основен повод за ново и уште поголемо ангажирање на европските сили во внатрешните работи на Отоманската империја, специјално на делот од Македонија. Организирањето на востанието како и храброста и самопожртвуваноста на македонскиот народ јасно укажа дека субјективниот фактор во Македонија е достаточно развиен и способен да го измени постојниот статус кво на Балканскиот Полуостров. Токму стравот од измената на постојната состојба ги принуди големите сили да преземат поенергични и покомплетни мерки и на тој начин ја сведоа Македонија на степен на издвоена, во административна и финансиска смисла, територија.

Создавањето на институциите цивилни агенти и воена комисија како и доаѓањето на странските офицери како претставници на големите сили имало за цел да се изврши пацифизирање на Македонија што беше основен предуслов за спроведување на Мирцштегската програма. Паралелно со оваа акција течеше и работата на финансиската комисија чија задача беше спроведување на финансиски реформи во Македонија. Сето ова придонесе султановите суверени права во Македонија да се сведат на минимум.

Всушност, формирањето и работата на Меѓународната финансиска комисија во 1903 година претставува најголем домет на последнава реформска акција. Благодарејќи на неа Македонија ќе биде „Издвоена" во посебна административна единица во рамките на Турција и за неа ќе се подготвува посебен буџет. Сето ова содржеше елементи на специфичност и посебност, но сето тоа не беше доволно и за автономност. Иако навлегле подлабоко во спроведувањето на реформите, големите сили ни овој пат, токму поради стравот од автономност, не го зедоа предвид и внатрешниот субјективен фактор.

Според мислењата на авторот стравот, од постепено преминување од реформи кон автономија, ќе предизвика и реакција кај соседните балкански држави. Согледувајќи го историскиот развиток на Македонија што постепено но сигурно се движел кон независност и самостојност, балканските држави отпочнуваат со уфрлување на воору-

жени чети со цел да го попречат пацифизирањето и успешното спроведување на реформите. Паралелно со нивната акција тече и акцијата на турските власти, кои мерките за смирување на состојбата во Македонија ги искористуваат за ригорозно пресметување и уништување ма македонското националноослободително движење.

Посебно интересно подрачје за читателот секако ќе претставува и делот што се однесува за односот на Организацијата кон реформната програма. Во искажувањата на раководните личности на ВМРО можат да се согледаат две основни струи. Едната истапува со ставот дека реформите, односно мирољубивиот пат, патот без оружена борба, е најпогодниот за решавање на македонското национално прашање. Втората, од друга страна, била на становиште дека единствен пат за слобода и независност е патот на оружената борба. Истовремено, оваа група, иако јавно не ги негирала реформните зафати, сепак ги сметала за непотполни и се сомневала во нивната постојаност.

Осврнувајќи се на исправноста на едниот или другиот став, авторот се задржува на констатацијата утврдена на Рилскиот конгрес во 1905 година која забележува дека во тој период единствен можен начин за извојување на слобода претставува борбата што ќе се води по пат на комбинација на револуционерниот и реформниот принцип. Ваквата констатација се должи на фактот дека согласувањето реформните акции и чекањето тие да му донесат слобода на македонскиот народ би значело напуштање на револуционерната борба и би се свеле на очекување слободата да ја донесе некој друг. Во историјата е познато што значела и каква била „даруваната слобода".

Од друга страна, преземањето на исклучиво вооружени акции, барем кога се однесува за малите народи, не значи секогаш и извојување на слобода. Ваквата констатација во практиката најдобро ја почувствувале токму балканските држави. Ниедна од нив, и покрај својата долгогодишна борба не ќе можеше да го реши прашањето на сопственото национално ослободување без да води сметка за надворешниот фактор. Всушност без негово активно учесто и синхронизирано дејствување, или барем случајно поклопување со активноста на внатрешниот субјективен фактор не можеше ни да стане збор за национална независност. Токму во овие рамки авторот ја бара и специфичната положба на македонскиот народ. При постоење на остри внатрешни судири, потполна ненаклонетост на соседните балкански држави и во недостиг на било каква поткрепа од страна на големите европски сили, во потполност е исправна констатацијата на Димо Хаџидимов кој вели дека треба да се искористи се што било можно и што во дадениот момент се нудело за подобрување положбата на македонскиот народ, без оглед од каде тоа и да доаѓало.

Анализирајќи ги причините кои доведуваат до тешкотии при спроведувањето на реформната акција д-р Г. Тодоровски посебно внимание му посветува на меѓусебниот однос на големите сили во контекстот на постоење на два антагонистички блока и борба за прераспределба на колониите, односно зачувување на старите и заземање на нови.

Поаѓајќи од различните политички и економски интереси кои големите сили одделно ги имале во Отоманската империја авторот изведува исправен заклучок дека основна причина за делумниот успех, односно неуспех на Мирцштегската реформна програма лежи токму во овие противречности.

Неуспехот на Мирцштегската реформна програма, како и влошувањата на положбата во Македонија поради зголемената активност на странските вооружени чети ја приснуди Владата на Велика Британија да преземе нова иницијатива за воведување радикални реформи во Македонија. Основата на англискиот предлог се состоеше во именување гувернер на Македонија што ќе биде независен од султанот, како и давање на извршна власт на странските офицери со што таа во потполност би се изземала од власта на султанот иако формално би била во рамките на неговите поседи.

Поради укажаните разлики помеѓу големите сили иницијативата наидува на прием единствено кај Русија, но и таа не се согласува со давање на автономија на Македонија. Токму од овие причини на Ревалската средба е постигната согласност помеѓу Британскиот и Рускиот суверен за воведување реформи, кои би претставувале извесно ублажување на англиските предлози. До спроведување на новиот реформен предлог, меѓутоа, не доаѓа, бидејќи веднаш по завршувањето на средбата во Отоманската империја избива Младотурската револуција која ги стопира сите реформни зафати на големите сили. Благодарејќи на нивната револуција попречен е реформниот процес во Македонија и е елиминирано гарантирањето на етничкиот и територијалниот интегритет на Македонија од страна на големите сили.

Читајќи ги последниве редови на книгата, основен заклучок што се наметнува е дека големите сили во ниеден момент не сакале да го решат македонското прашање по пат на радикални зафати. Сите нивни иницијативи претставувале фрлање прав во очите на македонскиот народ и на европското јавно мислење. Во половичноста и парцијалноста на преземените чекори се сакало да се сочува нешто што историјата одамна го осудила на распаѓање.

Сериозноста во пристапот кон материјата, како и перфектниот научен апарат со право му даваат на делото карактер на едно од позначајните достигнувања во македонската историографија поради што и заслужува да биде прочитано од страна на пошироката јавност.

Јован ДОНЕВ

**Практикум по историја на државите и правата на народите на Југославија.** Редакција д-р Владимир КАРТОВ. Скопје, НИО „Студентски збор", 1984, 450

Минатата година во издание на НИО „Студентски збор" од Скопје излезе од печат делото „Практикум по историја на државите и правата на народите на Југославија", во редакција на Д-р Владимир Картов, професор на научната дисциплина Историја на државите и правата на народите на Југославија на Правниот факултет во Скопје и